MKT_GENERAL_ALL

2019000734658

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Број 281121/2 5
Дата 09-05-2019

**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2018 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 187134/1 од 21.03.2019 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2018 година (арх. бр. 281111/1 од 09.05.2019 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 09.05.2019 година, ја донесе следната:

# Одлука
## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2018 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2018 година во вкупен бруто износ од 1.596.062.214,00 денари (една милијарда петстотини деведест и шест милиони шеесет и две илјади и двесте четиринаесет денари), кој претставува нето добивка остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2018 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија".
Бруто износот на дивиденда по акција е 18,504017261 денари (осумнаесет денари и педесет дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2018 година е 30.05.2019 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2018 година е 28.05.2019 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2018 година е 29.05.2019 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2018 година ќе се изврши до 30.09.2019 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите за исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската берза за хартии од вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2018 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**
**Тања Чачарова - Илиевска**

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје